Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје-Shkup
Бр. / Nr. 03-616/2
04-07-2025 год. / viti

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе

## РЕШЕНИЕ
### за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted], бр. 03-616/1 од 17.06.2025 година.

### Образложение

На 17.06.2025 година [redacted] до Инспекцискиот совет во е-форма достави Повторно барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-616/1 од 17.06.2025 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена во препис, следната информација:

Со РЕШЕНИЕ за прифаќање на барање за слободен пристап на информации од јавен карактер заведено во Инспекциски совет арх. бр. 03-547/2 од 12.06.2025 година не епостапено целосно по точка 2 (два) од БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР заведено во Инспекциски совет под бр. 03-547/1 од 26.05.2025 година. Имено, од Советот е доставен само Предлог за издавање на налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор заведен во Советот под бр. УПП 16-358/2023 од 09.11.2024 година додека останатите предлози не се доставени што е видно од решението бр. 03-547/2 од 12.06.2025 година.

За таа цел, го поднесувам ова повторно барање со кое од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Сите ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА НАЛОГ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕДИНЕЧЕН ВОНРЕДЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР создадени од страна на Инспекциски совет и кои биел проследени од страна на Советот до Агенцијата за млади и спорт а подоцна Министерството за спорт.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара препис од содржината на бараната информација да му се достави по пошта, препис и во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведените предмети, Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Повторно Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-616/1 од 17.06.2025 година и во однос на истото Ве информираме дека информацијата која е предмет на Барањето е информација која не е создадена од страна на Советот, ниту информација со која Советот располага.

Согласно член 3, став 1, алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) „информација од јавен карактер е информација во било која форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.“ Согласно наведеното, имателот на информации не е должен да создава нова информација, или да презема дополнителни дејства од своја надлежност, за да го задоволи Барателот во однос на неговото поднесено Барање на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Дополнително, Ве известуваме дека Инспекцискиот совет, согласно Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-547/1 од 26.05.2025 година, во кое ја барате следната информација:

1. Сите издадени налози од страна на Инспекцискиот совет на РСМ за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор проследени од Агенцијата за млади и спорт а подоцна Министерството за спорт со кои било потребни од страна на надлежната инспекциска во Боречката Федерација на Северна Македонија (БФСМ) да ја утврди правилната фактичка состојба согласно поднесени претставки до Инспекцискиот совет од страна на сите подносители чии претставки биле поврзани со работата на БСФМ за период од 01.01.2021 година до денот на поднесување на ова барање, освен во врска со предметот заверен во Инспекцискиот совет на РСМ под бр. 16-263/3 од 05.03.2025 година, за кој е поднесено посебно барање.
2. Сите предлози за издавање на налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор до Агенцијата за млади и спорт а подоцна до Министрството за спорт, поднесени од страна на надлежен член на Инспекцискиот совет од Област 6 - Управа до Претседателот на Инспекциски совет на РСМ, со кои било потребни од страна на надлежната инспекциска во Боречката Федерација на Северна Македонија (БФСМ) да ја утврди правилната фактичка состојба согласно поднесени претставки до Инспекцискиот совет од страна на сите подносители чии претставки биле поврзани со работата на БФСМ за период од 01.01.2021 година до денот на поднесување на ова барање, освен предлогот за издавање на налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор заведено во Инспекцискиот совет арх. Бр. 16-263/1 од 05.03.2025 година изготвен од д-р Благоја Гешоски – Член на Инспекциски совет не треба да биде опфатен бидејки истиот од страна на Советот ни е доставен.

на 12.06.2025 година, Ви достави Решение за прифаќање барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 03-547/2, со кое во препис и по електронски пат Ви го достави следното:

- *Заверена копија – верна на оригиналот - Налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор, бр. УПП 16-188/2023 година од 27.06.2023 година;*
- *Заверена копија – верна на оригиналот - Налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор, бр. УПП 16-192/2023 година од 27.06.2023 година;*

- *Заверена копија – верна на оригиналот - Налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор, бр. УПП 16-196/2023 година од 27.06.2023 година;*
- *Заверена копија – верна на оригиналот - Налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор, бр. УПП 16-188/2023 година од 27.06.2023 година;*
- *Заверена копија – верна на оригиналот - Предлог за издавање на налог за вршење единечен вонреден инспекциски надзор, бр.УПП 16-358/2023 од 09.11.2023 година;*
- *Заверена копија – верна на оригиналот - Налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор, бр. УПП 16-358/2023 година од 09.11.2023 година;*
- *Заверена копија – верна на оригиналот - Налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор, бр. УПП 16-376, 377/2024 година од 19.12.2024 година;*
- *Заверена копија – верна на оригиналот - Налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор, бр. УПП 16-377, 376/2024 година од 19.12.2024 година;*
- *Заверена копија – верна на оригиналот - Налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор, бр. УПП 16-376/2024 вв УПП 16-377/2024 година од 19.12.2024 година.*

Исто така, согласно Вашето Повторно барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-603/1 од 13.05.2025 година, во кое ја барате следната информација:

Со РЕШЕНИЕ за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено во Инспекциски совет арх.бр. 03-547/2 од 12.06.2025 година не е постапено целосно по точка 2 (два) од БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР заведено во Инспекциски совет под бр. 03-547/1 од 26.05.2025 година. Имено, од Советот е доставен само Предлог за издавање на налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор заведен во Советот под бр. УПП 16-358/2023 од 09.11.2024 година додека останатите предлози не се доставени што е видно и од решението бр. 03-547/2 од 12.06.2025 година.

За таа цел, го поднесувам ова второ барање со кое од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Сите предлози за издавање на налог за вршење единечен вонреден инспекциски надзор до Агенцијата за млади и спорт а подоцна и Министерството за спорт, согласно издадени налози од страна на Инспекцискиот совет на РСМ за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор проследени до Агенцијата за млади и спорт а подоцна и Министерството за спорт.

Инспекцискиот совет на 20.06.2025 година, Ви достави Решение за прифаќање на повторно барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 03-603/2, со кое Ви го достави следното:

*Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Повторно Барање за*

*пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-603/1 од 13.06.2025 година и во однос на истото Ве информираме дека информацијата која е предмет на Барањето е информација која не е создадена од страна на Советот, ниту информација со која Советот располага.*

*Согласно член 3, став 1, алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) „информација од јавен карактер е информација во било која форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности." Согласно наведеното, имателот на информации не е должен да создава нова информација, или да презема дополнителни дејства од своја надлежност, за да го задоволи Барателот во однос на неговото поднесено Барање на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер.*

Истовремено, Ве информираме дека согласно член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), имателот на информацијата е должен да го извести барателот на информацијата во однос на барањето за пристап до информации ако по барањето веќе одговорил позитивно на исто или слично барање на истото лице во рок од три месеци пред денот на приемот на барањето.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
Сара Николовска

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса и по пошта);
- во архивата на Инспекцискиот совет

Изработил/а: Маја Срезоска, раководител на Сектор